# Член 6 став 2
# Изјави

# Презумција на невиност

Мудро бирање на зборовите што ќе ги употребиме

# Писмени и усни изјави дадени пред судот

Дали треба да го кажеме тоа?

# Презумција на невиност

- Презумцијата на невиност (ПН) се смета за прекршена доколку:
    - Еден државен функционер даде изјава;
    - во врска со некое друго лице обвинето за сторено кривично дело;
    - кога тој или таа дава сопствено мислење во смисла дека лицето е виновно;
    - Освен во случаите кога вината на обвинетото е лице е веќе докажана во соодветна законска постапка.



# Дали постои повреда?

- Начела за наведување, но, не и јасни и прецизно дефинирани правила
- Анализа случај по случај
- Природа и контекст на постапката
- Не мора да значи дека исклучиво зависи од кажаното и начинот на кој тоа било кажано




# Изјави дадени од судии

- *Нератини* против *Грција*
- Подносителот на жалбата бил лишен од слобода затоа што примил пратка која содржела наркотична дрога
- При извршувањето на налогот за претрес на домот на жалителот, полициските службеници пронашле и заплениле антиквитети од египетско и грчко потекло
- Надлежниот обвинител поднел обвинение само за поседувањето дрога
- За време на жалбеното судско рочиште поради поднесената молба за укинување на притворот, судијата ги спомнал антиквитетите и склоноста на обвинетиот кон извршување кривични дела поврзани со антиквитети

# Тужба до ЕСЧП

| Тужител | Владини органи |
|---|---|
| Повреда на ПН | Не постои повреда на ПН |
| Претставување на лицето како сторител на кривично дело за кое не бил ниту обвинет | Судот морал да го утврди евентуалниот ризик од можно бегство |
| Обвинението за антиквитетите било подигнато 6 месеци подоцна, откако веќе му била предизвикана штетата | Во врска со антиквитетите, подоцна било подигнато обвинение |

Повреда

# Пресуда на ЕСЧП

- Било очигледно дека при одлучувањето, судот ги зел предвид и антиквитетите
- Изјава на судијата - “покажува склоност кон извршување и други дела поврзани со антиквитети
- Обвинетиот не бил и формално обвинет за тоа дело

# Изјави дадени од судии и вештаци

*Милер против Германија*

- Во 1984 година, тужителот бил осуден за убиството на неговата сопруга и му била изречена доживотна казна затвор
- Во 1997 година, додека условно и под надзор бил пуштен на слобода извесен период, тужителот бил обвинет за физички напад врз некоја жена
- Во 1999 година, окружниот суд во Франкфурт го ослободил од обвинението за физички напад, а тужителот побарал првичната казна да му биде прекината и да биде условно пуштен на слобода под соодветен надзор
- Во 2007 година, Регионалниот суд во Касел го одбил неговото барање на предвремено условно пуштање на слобода
  - Се повикал на извештај изработен од вешто лице
  - Судот утврдил дека лицето повторно ќе стори кривично дело доколку биде пуштено на слобода



# Тужба до ЕСЧП

| Тужител | Владини органи |
| --- | --- |
| Повреда на ПН | Нема повреда на ПН |
| ПН е применлива се до носењето на конечната пресуда | ПН не е применлива во конкретната постапка, затоа што не се очекувало подигање на кривично обвинение, ниту пак некој се обидувал да утврди нечија вина |
| ПИ од сите домашни судови подразбира дека истите мора да ги почитуваат донесените одлуки за отфрлање на обвиненијата | Одлука за условното пуштање на слобода: Судот имал право самиот да предвиди и оцени колкава е евентуалната опасност |

Нема повреда

# Пресуда на ЕСЧП

- Судот имал задача да го процени ризикот за јавноста
- Немало давање изјави во однос на вината за физичкиот напад, туку само за однесувањето на тужителот кон жените
- Извршената проценка во однос на евентуалната опасност била соодветна

# Клучни работи за помнење

- При пишувањето на пресудите:
  - Каква е природата на постапката?
  - Што е она што судот може да разгледа на соодветен начин?
  - Мора да се покаже соодветна почит кон презумцијата на невиност.
  - Оценката за склоност а секогаш опасна.
  - Основата за одлуката мора јасно да биде посочена и објаснета.

# Изјави дадени од јавни службени лица и функционери

Што изјавил/а?




# Изјави дадени од јавни службени лица и функционери

- *Констас против Грција*
- Тужителот бил службеник на еден универзитет и бил обвинет за измама
- Бил осуден по што ја обжалил донесената пресуда и изречената казна
- Во текот на жалбената постапка, во текот на една собраниска седница, свои говори имале Премиерот, како и Министрите за финансии и правда
- Нивните изјави биле од политички карактер и истите содржеле доволно информации за да се утврди и сфати дека всушност зборуваат за случајот на тужителот, повикувајќи се на истиот

# Тужба до ЕСЧП

| Тужител | Владини органи |
| --- | --- |
| Повреда на ПН | Нема повреда на ПН |
| Дадените коментари предизвикале одредени наводи дека постои евентуална можност за повторно отворање и преиспитување на неговиот случај од страна на апелациониот суд | Дадени коментари после осудителна пресуда во рамки на една политичка дебата |
| Коментарите биле дадени само неколку дена по носењето на првостепената пресуда | Коментарите се општи и неконкретни |
| Функционерите не располагале со сите информации и факти за случајот и затоа морале да бидат повоздржани | Долг временски период помеѓу дадените коментари и жалбата – жалбената постапка била се уште во тек |

# Пресуда на ЕСЧП

Повреда

- ПН може да биде повредена во било која фаза од постапката
- Иако тие не го спомнале директно со име и презиме, со дадените коментари и поради нивната природа, тие извршиле идентификација на тужителот
  - Премиерот – зборувал општо повикувајќи се на одредени елементи од случајот – нема повреда
  - Министерот за финансии - “Криминалците” “крадат дури и едни од други” – на овој начин давајќи сопствено мислење за случајот, создавајќи притисок и предрасуди во однос на пресудата што требал да ја донесе апелациониот суд
  - Министерот за правда – судовите “храбро и решително” донеле осудителна пресуда за сите вмешани во случајот, со што посочил дека очекува апелациониот суд да ја потврди првостепената пресуда

# Изјави дадени од обвинители

- *Дактарас против Литванија*
- Се водела истрага против тужителот во врска со барање откуп / организирано крадење возила
- Обвинителството спровело истрага, а тужителот барал да бидат отфрлени сите обвиненија против него
- Надлежниот обвинител го одбил таквото барање со тврдење дека собраните докази ја докажуваат вината на тужителот
- Тужителот бил осуден, а тој потоа ја обжалил таквата пресуда



# Тужба до ЕСЧП

| Тужител | Владини органи |
| --- | --- |
| Повреда на ПН | Нема повреда на ПН |
| Обвинителот веќе го прогласил за виновен со дадената изјава на крајот на истрагата и пред да го подигне обвинението | Дадените изјави од страна на обвинителот значеле само опис на степенот на сомневање за вмешаноста на тужителот, преку посочување на силата на доказите што биле собрани против него |
| | Обвинителот требал или да донесе разумна и образложена одлука со која ја потврдува валидноста на сомневањето или целосно да престане да работи на случајот |
| | Изјавата не била дадена јавно |

# Пресуда на ЕСЧП

Нема повреда

- ПН треба да се утврдува контекст на конкретните околности во кои е дадена спорната изјава
- Изјавите се однесувале само на случајот и станува збор за образложена одлука донесена во прелиминарната фаза од постапката
- Иако употребата на зборот "докажуваат" не е најдобар избор, обвинителот одговорил на прозивките на тужителот и одговорил на прашањето дали смета дека доказите одат во прилог на обвинението и понатамошната постапка

# Клучни работи за помнење

- ПН мора да се почитува уште од претходната постапка па се до завршувањето на жалбената постапка
- Времето минато помеѓу дадените коментари и конечната разрешница на случајот не е од пресудна важност
- Службените лица во правосудството треба да се придржуваат кон повисоки стандарди
- Се она што ќе биде кажано за време на различните постапки во рамки на еден случај може да има влијание врз исходот

# Новинарско покривање на кривичните предмети

Дали кажаното може да се смета за званична изјава?

# Рамнотежа



Злобните новинарски кампањи можат да имаат негативен ефект врз правичноста на судскиот процес и да влијаат на јавното мислење, а како последица на тоа, да влијаат и врз поротниците кои се повикани да донесат одлука во однос на вината на обвинетиот

Новинарското покривање на тековните настани претставува практична примена на гарантираното право на изразување, кое е заштитено со Членот 10 од Конвенцијата.

# Дали постојат предрасуди?

- Прашања што треба да си ги поставите кога се обидувате да оцените колкаво е влијанието на медиумите врз правичноста на судскиот процес
  - Колку време е изминато помеѓу медиумската кампања и (1) почетокот на судскиот процес и (2) утврдувањето на судечкиот совет?
  - Дали спорните изјави и коментари се дадени или можат да им се припишат на претставниците од власта?
  - Дали објавувањето на таквите коментари или изјави имало влијание врз судиите?
  - Дали се створени предрасуди во однос на обвинетото лице?

  * Стандард на правичност и објективност



# Изјави дадени за печатот

- *Пауликас против Литванија*
- Тужителот (инаку полициски службеник) бил обвинет за предизвикување сообраќајна незгода во која животот го загубиле три деца
- Случајот привлекол огромно внимание кај медиумите
- Народот барал оставки на највисокото раководство во полицијата
- Неколку полициски службеници си поднеле оставки
- Изјава што ја дал Претседателот - “неподносливо е тоа што некои луѓе се уште ги оправдуваат кривичните дела сторени од страна на службени лица”
- Тужителот бил осуден за делата за кои бил обвинет

# Тужба до ЕСЧП

| Тужител | Владини органи |
| --- | --- |
| Повреда на ПН | Нема повреда на ПН |
| Злобна медиумска кампања во која тој бил наречен “убиец на деца,” а неговите сведоци биле изложени на потсмев | Медиумска кампања поврзана со легитимен јавен интерес |
| Високо рангирани државни функционери барале од судот да му ја одреди најдолгата можна казна | Кампањата не била насочена против тужителот, туку против некои пошироки прашања и проблеми присутни во полицијата |
| Оставки на полицискиот комесар и министерот за внатрешни работи, постапката била изложена на несоодветни надворешни влијанија | Дадените изјави не содржеле никакви укажувања во однос на вината на тужителот |
| | Се говорело за политичка одговорност, а не за кривична одговорност |
| | Одлуката била донесена од професионални судии, способни да пружат отпор на било какви надворешни влијанија, силни докази за вина |

# Пресуда на ЕСЧП

Нема повреда

- МВР – “ова не е прв пат....полициските службеници да предизвикуваат страшни несреќи”
  - Но, обвинетиот признал дека ја предизвикал несреќата
  - Немало изјави во однос на вината на тужителот
- Другите службени лица зборувале за политичка одговорност, меѓутоа не дискутирале за кривичната одговорност на тужителот
- Оставките на другите полициски службеници не можат да бидат сфатени како потврда на вината на тужителот
- Точно е дека Претседателот во својата изјава директно се повикал на конкретниот случај
  - Тоа не го сторил на изолиран начин, туку зборувал општо за важните прашања и проблеми во полицијата
  - Постои една доза на загриженост во однос на коментарот во врска со “благото казнување” во минатото, меѓутоа, истиот бил даден во еден поширок политички контекст на полициските службеници кои успеваат да избегаат од правдата

# Клучни работи за помнење

- Членот 6, став 2 не може да ги спречи јавните службени лица да ја информираат јавноста во однос на тековните кривични истраги, но повикува на дискреција и претпазливост
- Во едно демократско општество, неизбежно е да се споделуваат информации во сите ситуации на сериозни обвинување за злоупотреба на службена положба или овластувања или кога обвинетиот е јавна личност
- Контекстот е од суштинска важност
- Следењето и известувањето за тековните случувања претставува практична примена на слободата на изразување, а домашните власти не се одговорни за однесувањето и постапките на новинарите и медиумите
- Дали постојат доволно заштитни мерки за да се обезбеди дека постапката во целост е правична?
- Одлуката за повреда на овој член бара постоење на убедливи докази за објективната оправданост на евентуалната загриженост во однос на непристрасноста на судиите
- Шансите професионалните судии да паднат под влијание на одредена медиумска кампања се помали од оние во случаите кога одлуката ја носи порота